## АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ (МСФИ)

**АД Македонски Телекомуникации – Скопје**
**Матичен број 5168660**

(во илјади денари)

| | 01.07-30.09.2007 | 01.07-30.09.2006 |
|---|---|---|
| **Позиција** | | |
| | | |
| **Приход од продажба** | **4.665.448** | **4.513.745** |
| | | |
| Останати оперативни приходи | 122.760 | 144.291 |
| | | |
| Промени на залихите на готови производи и производството во тек | | |
| | | |
| Сопствени производи употребени и капитализирани во претпријатието | - | 8.778 |
| | | |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | (21.366) | (27.786) |
| Трошоци за вработените | (386.219) | (384.353) |
| Амортизација и ревалоризација на амортизација | (787.002) | (899.143) |
| Останати оперативни расходи | (1.441.645) | (1.367.734) |
| Набавна вредност на трговски стоки | (269.546) | (174.619) |
| | | |
| **Добивка/загуба од оперативно работење** | **1.882.430** | **1.813.179** |
| | | |
| Финансиски приходи | 148.940 | 142.563 |
| Финансиски расходи | (6.558) | (12.168) |
| | | |
| **Добивка/загуба од редовно работење пред оданочување** | **2.024.812** | **1.943.574** |
| | | |
| Данок од добивка | (253.103) | (255.421) |
| | | |
| **Добивка/загуба по оданочување** | **1.771.709** | **1.688.153** |
| | | |
| Малцински интерес | | |
| | | |
| **Нето добивка/загуба од редовни активности** | **1.771.709** | **1.688.153** |
| | | |
| Вонредни приходи | | |
| Вонредни расходи | | |
| | | |
| **Нето добивка/загуба** | **1.771.709** | **1.688.153** |

Николај Бекерс
Главен извршен директор

# АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ

**Предмет:** **Образложение за работењето на АД Македонски телекомуникации за периодот од 01.07.2007 до 30.09.2007**

АД Македонски телекомуникации - Скопје е најголемата компанија која обезбедува услуги од областа на фиксната телефонија во Македонија. Телекомуникацискиот сектор во Македонија е регулиран со имплементирањето на новиот Закон за електронски комуникации донесен во Март 2005. АД Македонски телекомуникации - Скопје имаат Концесиски Договор врз база на кој претходно споменатите услуги можат да ги обезбедуваат до 31 декември 2018 година. Од 2007 година и практично започнува да се либерализира пазарот во фиксната телефонија.

Во текот на третото тримесечје од 2007 година нето добивката е зголемена во споредба на истиот период минатата година како резултат на зголемување на приходите од мобилната телефонија, што се должи на континуираниот пораст на бројот на претплатниците. Приходите од фиксните телекомуникациски услуги бележат благ пад споредено со истиот период минатата година. Интернет приходите и понатаму бележат континуиран пораст како резултат на продолжување на трендот на значаен пораст на бројот на АДСЛ Интернет претплатници.

На страната на трошоците забележуваме пораст на трошоците за набавка на трговска стока кои се во согласност со зголемената продажба на телекомуникациска опрема и пад на трошоците за амортизација во споредба со истиот период минатата година.

Како што беше претходно објавено Маѓар Телеком кој поседува 51,00% од АД Македонски телекомуникации – Скопје (Компанијата) преку Каменимост комуникации АД Скопје во ликвидација, сеуште врши истрага во однос на можни прекршувања на политиката на Групацијата или важечките закони и прописи, којашто истрага ја вклучува и Компанијата. Оваа истрага која ја врши независна правна фирма и која е под надзор на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком, е сеуште во тек. Како резултат на истрагата консолидираните финансиски извештаи за 2005 и 2006 изготвени според МСФИ сеуште не се ревидирани. Не може да се даде уверување дека како резултат на истрагата консолидираните финансиски извештаи за 2005 и 2006 изготвени според МСФИ и финансиските извештаи или финансиските информации за било кој друг период вклучувајки го било кој период од 2007 година нема да се разликуваат од оние поднесени и објавени пред завршувањето на истрагата и ревизијата на тие финансиски извештаи и податоци.

Николај Бекерс
Главен извршен директор